АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 0202-566/4
26.06. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвениот крст на РМ, а согласно чл.2 став 1 и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија Сл.Весник бр.101 од 22.05.2019 год. Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ на својата седница одржана на 25.06.2019 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за методологија за распределба на средства од надоместок при регистрација на возила и од цена на влезници на културно-забавни манифестации и спортски натпревари

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот и критериумите за распределба на средства на Црвен крст на Република Македонија, Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст (во натамошен текст: ЦКРМ, ЦКГС и ООЦК) собрани од надоместок при регистрација на возила во Република Македонија и надоместок од цена на влезници на културно-забавни манифестации и спортски натпревари.

Член 2

Средствата собрани од надоместок при регистрација на возила во Република Македонија се прибираат на посебна сметка на Црвен крст на Република Македонија отворена за таа намена.

Средствата собрани од надоместок од цена на влезници на културно-забавни манифестации и спортски натпревари се прибираат на посебна сметка на Црвен крст на Република Македонија отворена за таа намена.

Собраните средства од став 1 на овој член се користат за тековно работење, како и за унапредување на програмите, осовременување и развој на Црвениот крст на сите нивоа на организациона поставеност.

## 2. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 2.1 Средства од надоместок при регистрација на возила

Член 3

Распределба на средствата за надоместок при регистрација се врши на месечна основа врз основа на месечниот извештај доставен од овластените правни лица за вршење технички преглед во Република Македонија, кој го содржи бројот на регистрирани возила во претходниот месец по категории.

На ООЦК се распределуваат средствата собрани од станиците за технички преглед на територијата на единиците на локалната самоуправа која ООЦК ја зафаќаат со своето дејствување.

Собраните средства од станиците за технички преглед на територијата на град Скопје се распределуваат линеарно на ЦКГС и општинските организации кои дејствуваат на подрачјето на единиците на локална самоуправа во градот Скопје.

Од вкупно собраните средства на целата територија на Република Македонија за Централната канцеларија на ЦКРМ се издвојуваат 18 %, а остатокот се распределува на ЦКГС и ООЦК до 25ти во тековниот месец за претходниот.

Член 4

Средствата распределени за централната канцеларија на ЦКРМ се користат за следните намени:

- 55 % за тековно работење, функционирање и инвестиции;
- 16% во Фонд за развој и проекти;
- 16% во Фонд за итен одговор при катастрофи;
- 13% во Фонд за видливост.

Средствата од став 1 точка 1 на овој член се распоредуваат на следниот начин:

- 85% за тековно работење;
- 10% за програмските активности на одделот Подготвеност и дејствување при катастрофи;
- 5% за набавка и надоградба на софтвер и опрема.

Работата на фондовите од став 1 на овој член се уредува со посебни правилници.

Член 5

Средствата распределени на ЦКГС и ООЦК на годишна основа се користат за следните намени:

- 90 % за тековно работење и функционирање, исполнување на програмски активности, унапредување и развој; и
- 10 % за спроведување на активности за подготвеност и дејствување при катастрофи;

Ставката од 10% од став 1 алинеја 2 на овој член е задолжителна за ЦКГС и ООЦК при користење на средствата.

**2.2 Средства од надоместок од цена на влезници на културно-забавни манифестации и спортски натпревари**

Член 6

Висината на надоместоците од цена на влезници на културно-забавни манифестации и спортски натпревари изнесува:

- 3% од цената на влезницата за културно-забавни манифестации, концерти и фестивали и саемски манифестации од локален, државен и меѓународен карактер, освен за концерти со хуманитарен карактер, театарски претстави, изложби на слики, скулптури и други претстави и приредби што ги организираат ученици во училиштата и студенти на факултетите;
- 3% од цената за секоја влезница за спортски натпревари, освен за аматерски спорт.

Член 7

Распределбата на средствата за надоместоците од член 6 на овој Правилник се врши на ООЦК согласно единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се одржува настанот, односно натпреварот, и тоа на следниот начин:

- Доколку средствата ги обезбедува ООЦК, од вкупно собраните средства Централната канцеларија на ЦКРМ задржува 5%, а остатокот се распределува на општинската организација;
- Доколку обезбедувањето на средствата го врши Централната канцеларија на ЦКРМ од вкупно собраните средства Централната канцеларија на ЦКРМ задржува 50%, а останатите 50% се распределуваат на општинската организација.

Член 8

Распределбата на средствата за надоместоците од член 6 на овој Правилник за настани, односно натпревари кои се одржуваат на подрачјето на градот Скопје се врши само на ЦКГС, и тоа на следниот начин:

-Доколку средствата ги обезбедува ЦКГС, од вкупно собраните средства Централната канцеларија на ЦКРМ задржува 5%, а остатокот се распределува на ЦКГС;

-Доколку обезбедувањето на средствата го врши Централната канцеларија на ЦКРМ од вкупно собраните средства Централната канцеларија на ЦКРМ задржува 50%, а останатите 50% се распределуваат на ЦКГС.

ЦКГС има обврска собраните средства да ги намени и искористи за активности кои се од интерес за градот Скопје и истите ги прикажува во посебен извештај.

Член 9

ЦКРМ склучува договор со организаторите на културно-забавни манифестации и спортски натпревари.

Во смисла на член 7 и 8 од овој Правилник ЦКРМ средствата ги распределува врз основа на договорот склучен со ООЦК, односно ЦКГС за одржаниот настан, манифестација или спортски натпревар.

## 3. ЕВИДЕНЦИЈА И НАДЗОР

Член 10

За собраните средства Црвениот крст на РМ води евиденција врз основа на месечните извештаи што ги доставуваат овластените станици за технички преглед најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец и евиденцијата од извршената уплата на процентуалниот износ од одржаниот настан, манифестација или спортски натпревар што се врши 30 дена по одржување на истите.

Член 11

Надзор врз примената на овој Правилник спроведува Комисија за надзор на наменско трошење на средства добиени по основ на Закон за Црвен крст (во натамошниот текст: Комисијата).

Комисијата е составена од претседател и 6 (шест) члена од редовите на волонтери и преставници на ООЦК/ЦКГС и претставници од стручната служба на ЦКРМ со мандат од 2 години.

Претседателот на Комисијата е надворешно ангажирано лице – консултант или член на Раководниот одбор на ЦКРМ со соодветни компетенции.

Одлука за именување на претседател и членови на Комисијата носи Раководниот одбор на Црвен крст на РМ.

Член 12

Комисијата има надлежност да врши надзор врз целокупната распределба и трошење за средствата обезбедени со Законот за Црвен крст.

Комисијата има надлежност да врши надзор и врз распределбата и трошењето на средствата собрани по пат на котизација која секоја година ООЦК како надоместок ја плаќаат кон ЦКРМ, а во износ од 50% од вкупно собраните средства за котизација, кој износ влегува во Фондот за развој и проекти од член 5 став 1 на овој Правилник и се користи наменски согласно одредбите од Правилникот за работа на Фондот за развој и проекти на ЦКРМ.

Комисијата два пати годишно (во тековната година во месец јули и во месец јануари следната година) ги разгледува полугодишните извештаите кои ООЦК, ЦКГС и ЦКРМ имаат обврска да ги подготват и достават до Комисијата.

Комисијата има право да побара извештај и надвор од роковите наведени во став 2 на овој член.

Комисијата има право да побара и да изврши увид во сметководствената евиденција на ООЦК, ЦКГС и ЦКРМ и да има достапност до податоците за наменското трошење на средствата.

Во случај на констатирана повреда, Комисијата има право да му предложи на Раководниот одбор на ЦКРМ мерка за повикување на одговорност согласно интерните акти на ЦКРМ.

Член на Комисијата во постапката на гласање задолжително бара изземање во случај кога се одлучува по извештаите на организацијата од која членот доаѓа.

Член 13

За наменска искористеност на распределените средства ООЦК, ЦКГС и ЦКРМ до крајот на месец февруари во тековната за претходната година поднесуваат годишен извештај до Раководниот одбор на ЦКРМ.

**4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 14

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател,

Проф.д-р Ромел Велев

Црвен крст на Република Македонија • Скопје •